


**Изјавата на еврокомесарката за проширување, Марта Кос, дадена во Скопје, предизвика лавина од реакции во Македонија.**

**Наместо да остави впечаток на почит и разбирање кон Македонците и Македонија, нејзината споредба на македонскиот идентитет со традиционални јадења како „тавче-гравче“, „ајвар“ и „полнети пиперки“ беше површна, па дури и навредлива.**

**Европа сака да не гледа како шарена фолклорна слика, со убаво јадење и евтина работна сила. Но ние сме многу повеќе од тоа.**

**Ние сме народ со длабоки корени, со богата духовност, со болна но горда историја.**

**Македонскиот идентитет не е зготвен во глинена тава, туку е врежан во камен, во фреска, во збор, во жртва. Тој се издигнува над кујната и допира до самиот темел на европската цивилизација.**

**Охрид, нашиот бисер на Балканот има 365 цркви, по една за секој ден од годината. Тој е градот на Светите Кирил и Методиј, просветителите што ја создадоа глаголицата, основата на словенската писменост. Од нив произлезе Климент, првиот словенски епископ, и Наум, чии мошти и денес лечат.**

**Тука е и курбиновската фреска, ликот на Христос со израз на човечка болка, една од највпечатливите средновековни иконографски маски на Балканот.**

**Тука, на македонска почва, чекорел и самиот апостол Павле, кој ја покрстил првата христијанка во Европа – Лидија. Тоа не е мит, тоа е библиска, духовна и историска реалност.**

**Ние сме тие што ја примија христијанската вера први во Европа.**

**Македонија е Библијска држава.**

**Македонија е земјата на славните Филип и Александар Македонски.**

**Македонија им даде писмо на другите.**

**Ние сме тие што го чуваат јазикот и споменот, дури и кога сите други бараат да го заборавиме.**

**Македонскиот народ не е роден од тавче-гравче, туку од отпорот на Илинденците, п
артизаните, од борбата на ВМРО, од аманетот на Гоце, Јане, Карев, Ченто, Драган,... од солзите на прогонетите, од тишината на запалените цркви, од песните што ги пееме и кога нè боли. Тоа не може да се сведе на гастрономија, ниту да се сервира со приближна љубезност. Идентитетот не е храна, Идентитетот е светиња.**

**Нашиот идентитет е многу повеќе од гастрономија.**

**Ако навистина сакаат да им се приклучиме, нека не ни го сведуваат постоењето на грав и пиперки. Нека го признаат нашиот јазик, нека ја почитуваат нашата култура, историја, нека не тргуваат со нашата вистина.**

**Европа не смее да биде унија на интереси, туку унија на вредности. А достоинството на народот е врвна вредност.**

**Тој е меморија, страдање, отпор, култура, вера, јазик. Нешто што се пренесува од генерација на генерација, не во рецепт, туку во тивка молитва и упорна борба. Тоа Европа треба да го чуе, ако навистина сака да нѐ види како рамноправни. Инаку, ќе останеме за нив само пикантна страна на менито.**

**А ние сме многу повеќе од тоа.**

**Идентитетот не се вари.**

**Тој се брани.**

**Се чува.**

**Се предава и се носи во срцето како крст, како завет, како нешто што не се сервира, туку се почитува.**

**Библијска Македонија не е за јадење!**

**Библијска Македонија е за почит!**